**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1172/3**
**22.05.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 47 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 22.05.2025 г. (четврток) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 10,00 ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 47 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД**
**-Усвојување на Записникот од 46. Седница**
**-Усвојување на Записникот од Продолжението на 44 Седница**

1. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Нада Новачева;**

2. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Нада Новачева;**

3. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект станбена куќа згр.бр. 7 по барање на Венко Синадинов;**

4. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект гаража згр.бр. 8 по барање на Венко Синадинов;**

5. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат – објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Игорчо Митевски;**

   Образлагач по точките 1,2,3,4 и 5 е Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште.

6. **Предлог-одлука за определување крајбрежен појас на регулирани водотеци во опфат на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево, Општина Делчево**.

   Образлагач е Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

7. **Програма за дополнување на Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево за 2025 г.**

   Образлагач е Милена Багевска, координатор за млади на Општина Делчево

8. **Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Заклучок за усвојување;**

9. **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година со Заклучок за усвојување**;

10. **Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

Образлагач на точките 8, 9 и 10 е Ана Ситновска- Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлогот за Дневен ред беше ставен на гласање и беше усвоен **ЕДНОГЛАСНО**.

Претседателот Попов отвори расправа по Записникот од претходната, 46 Седница. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот од 46 Седница беше ставен на гласање. Записникот беше усвоен **ЕДНОГЛАСНО.**

Претседателот Попов отвори расправа по Записникот од Продолжението на 44 Седница. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот беше ставен на гласање и беше усвоен ЕДНОГЛАСНО.

1. **Точка број еден- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Нада Новачева;**

Образлагач по точките беше Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште. Таа во образложението истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-408** од **28.12.2018** година, од страна на **Нада Новчева од с. Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборатот како зграда бр. **1,** изграден на **КП бр.6612 КО Град,** запишан во Имотен лист бр. **1159** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

По образложението, претседателот отвори расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше завршена, а точката беше ставена на гласање.
Точката – **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Нада Новачева беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

2. **Точка број два- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Нада Новачева;**

Образлагач по точката беше Андријана Соколовска. Таа истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-408** од **28.12.2018** година, од страна на **Нада Новчева од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **4,** изграден на **КП бр.6612 КО Град** запишан во Имотен лист бр. **1159** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

По образложението, претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Нада Новачева беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

3. Точка број три- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 7 по барање на Венко Синадинов;**

Образлагач по точката беше Андријана Соколовска која рече дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-449** од **31.12.2018** година, од страна на **Венко Синадинов од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **7,** изграден на **КП бр.6524/1 КО Град,** запишан во Имотен лист бр. **117** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

По образложението, претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јавои за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 7 по барање на Венко Синадинов беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН.**

4. **Точка број четири- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект гаража згр.бр. 8 по барање на Венко Синадинов;**

Образлагач и по оваа точка беше Андријана Соколовска. Таа во образложението истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со

која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување  на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-449** од **31.12.2018** година, од страна на **Венко Синадинов од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект гаража –** означен во елаборат како зграда бр. **8,** изграден на **КП бр**.**6524/1 КО Град** запишан во Имотен лист бр. **117** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект гаража згр.бр. 8 по барање на Венко Синадинов, беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 глас ВОЗДРЖАН.**

5. Точка број пет- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Игорчо Митевски;**

Образлагач и по оваа точка беше Андријана Соколовска. Таа рече дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-315** од **06.12.2018** година, од страна на **Игорчо Митевски од с.Стамер – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1,** изграден на **КП бр**.**1226 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **899** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

По образложението, претседателоот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Игорчо Митевски беше усвоена со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

6. Точка број шест- **Предлог-одлука за определување крајбрежен појас на регулирани водотеци во опфат на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево, Општина Делчево**.

Образлагач беше Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност. Тој во образложението истакна дека во тек е постапката за донесување на ГУП на О. Делчево  и како дел од фазите е потребно е да се определени крајбрежен појас на регулилирани водотеци во опфат на ГУП. За тоа е потребно да се донесе оваа Одлука, а, исто така, е изработена и Хидрауличка студија за сите водотеци. Врз основа на тие податоци се определува во прва фаза заштитен појас и ќе бидат внесени во ГУП за водотеци и регулација. Во оваа Предлог-одлука се

доставени стационажите и од овој документ произлегува дека најмалку 3 метра лево и десно од водотеците треба да има заштитен појас во кој нема да може да се гради, а начинот на кој ќе биде извршена регулацијата ќе го добиеме по донесувањето на ГУП. Оваа Одлука ќе биде испратена во Министесртвото.

По образложението, претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека претпоставува дека во оваа студија е опфатена и Ѕвегорска Река и колку регулацијата на водотекот во Ѕвегорска Река ќе влијае на решавањето на проблемот со инфраструктурата и дали ќе помогне во решавање на проблемот.

Горан Петровски одговори дека дефинитивно ќе помогне, бидејќи досега немаме податоци за ниту еден водотек, бидејќи станува збор за стар ГУП- тој што го имаме и за него не се работени такви студии, таму е третирана само реката Брегалница. Во оваа нова студија реката Брегалница не влегува, туку останатите водотеци.

За збор повторно се јави Иван Гоцевски кој рече дека имаше прашање од граѓани за проектот за регулација на коритото на река Габровчица кој е во тек на реализација граѓани од Ново Делчево прашуваат дали ќе продолжи изградбата на коритото на река Габровчица од старото собрание до вливот во река Брегалница и дали ќе може во втора фаза да се дорегулира коритото по истиот принцип со камен и малтер. Одговорот од претставникот на Општината беше дека тука коритото е регулирано, но дали постои во иднина можност да се направи по истиот принцип со камен и малтер, како што се гради сега со новиот проект.

Горан Петровски одговори дека постојано се води анализа и се прават проценки за виодотеците, сигурно, дека ќе дојде време кога и долниот дел од реката Габровчица, но сега за сега за сега ги задоволува потребите. Но, ќе го имаме предвид.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

За точката **Предлог-одлука за определување крајбрежен појас на регулирани водотеци во опфат на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево, Општина Делчево ЗА** гласаа 15 советници и се констатираше дека точката е усвоена **ЕДНОГЛАСНО.**

7. Точка број седум- **Програма за дополнување на Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач беше Милена Багевска, координатор за млади на Општина Делчево. Таа посочи дека со оваа Програма се врши дополнување и конкретизирање на исплатата на средства за реализација на одредена активност. Имено, во Годишна програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево 2025 година („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2025), во точката за Распоредување буџетски средства, по алинеја 1 се додаваат алинеја 2, 3 и 4 кои гласат:

Исплатата на средствата за активностите предвидени во оваа Програма ќе се врши на начин што претседателот на Локалниот младински совет на Општина Делчево за реализација на секоја поединечна активност ќе донесе Одлука во која ќе биде наведена активноста од Програмата која треба да се реализира, средствата кои се потребни за реализција и начинот на исплата.

Врз основа на Програмата и Одлуката од алинеја 2, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Делчево до Градоначалникот на Општина Делчево поднесува Барање за исплата средства од Буџетот на Општината кои се предвидени за млади. Во

Барањето ќе се наведе активноста која треба да се реализира, износот на средствата и начинот на исплата.

Градоначалникот на Општина Делчево врз основа на Барањето од претседателот на Локалниот младински совет, а согласно со Програмата донесува Решение за исплата на парични средства за реализација на активностите на Локалниот младински совет Делчево.

По образложението, претседателот отврои расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

За точката- **Програма за дополнување на Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево за 2025 г. гласаа сите 15 советници со што беше констатирано дека точката е усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

8. Точка број осум- **Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точките беше Ана Ситновска- Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци. Таа во образложението потенцираше дека вкупните реализирани приходи на општината за првиот квартал (јануари-март 2025) изнесуваат **94.441.409** денари, или **21,3%** од вкупно планираните приходи во буџетот на општината. Износот на вкупно реализираните приходи во првиот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од **11.763.412** денар, додека процентот на реализација е скоро ист со првиот квартал од претходната година.
Процентот на реализација на тековно оперативните приходи во основниот буџет е 26,5%, додека на капиталните приходи е 5,3%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 162.594.846 денари а релизирани се 19,5% односно 31.756.363 денари, реализацијата е иста со истиот период 2024 година. Во буџетот на наменска дотација од планирани 260.846.488 денари приходи , реализирани се 58.858.783 денари односно 22,5%,и истата е зголемена за 2,3% во однос на истиот период 2024 година. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 17,8% , односно од планирани 13.853.000 денари реализирани се 2.468.593 денари, и истата е зголемена за 5,5% во однос на истиот период лани. Кај буџетот на донации од планирани 5.592.054 денари, реализирани се 1.357.670 денари или реализација од 24,2%. Овде споредбено со истиот период од лани имаме зголемување од 5,7%.

Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група **71-даночни приходи** е 23%.Во оваа група најголема реализација има кај конто 713113(данок на имот од правни лица) од 37,7%. Реализацијата на **72-неданочните приходи** во првиот квартал од 2025 е 17,5 %, .Групата **74-Трансферите и донациите** на ниво на вкупен буџет се со реализација од 21,4 %, додека реализацијата во основниот буџет е 31,6% .

Во капиталниот биланс, **група 73-Капиталните приходи** заклучно со 31.03.2025 година се наплатени во износ од 393.903 денари,од вкупно планирани 7.265.000 денари односно 5,4 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација.

Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 442.886.388 денари. Од нив се реализирани 86.349.945 денари или 19,5%. Износот на вкупно реализираните расходи во првиот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни расходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од 11.203.136 денари, додека процентот на реализација е ист во споредба со првиот квартал од претходната година.

Во основниот буџет од планирани 162.594.846 денари за расходи, реализирани се 28.469.484 денари или 17,5%.

Ако направиме подетална анализа по расходни групи ќе видиме дека: н**а група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 60.848.438 денари од вкупно планирани 269.450.050 денари или 22,5%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .

Во првиот квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.

Реализацијата во **група 42-Стоки и услуги** е 14,8 %, односно од предвидени 59.518.000 денари потрошени се 8.834.194 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи. **Во група 45- камати**, реализирани се 614.949 денари од планирани 1.800.000 денари или 34%. **Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 13% односно од предвидени 11.621.054 денари потрошени се 1.509.618 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија. Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 20,2%, односно од планирани 1.530.000 денари заклучно со 31.03.2025 потрошени се 309.441 денари. Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња. 50% реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи се со процент на реализација од 12,48% до 31.03.2025, односно од планирани 93.707.284 денари се потрошени 11.693.947 денари, или зголемување за 4% во однос на реализацијата на капиталните расходи во истиот период 2024 година. Во оваа расходна група влегуваат расходи за исплата по ситуации за реконтрукција на АСНОМ, надзор и ревизија над изградбите, за експропријација се исплатени 2.473.666 денари, за реконструкција на столбови во Градски парк, расходи за изградба на новата детска градинка, расходи за водовод во „Пролет".

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

За точката- **Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Заклучок за усвојување- гласаа 7 советници ЗА, а 8 советници беа воздржани. Претседателот Попов констатираше дека точката не беше усвоена.**

9. Точка број девет- **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска-Димитровска. Таа во образложението истакна дека Со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година, извршени се измени и дополнувања на Буџетот на општината, односно извршено е зголемување на вкупниот буџет за износ од **16.643.872 денари** , односно зголемување од 3,75 %, и вкупниот ребалансиран буџет ќе изнесува **459.530.260 денари**. Зголемување има во основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности , буџетот на дотации и донации.

Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за износ од **6.681.542 денари.** Зголемувањето произлегува од пренесено салдо од буџетска сметка од 31.12.2024 година во износ од 475.025 денари, и од делот за воедначување кај дотацијата од ДДВ во износ од 6.355.732. Тука сакам да нагласам дека има измена во конто 741114-пренесен вишок на приходи, имено во материјалите кои ги имате добиено, износот на основниот ребалансиран буџет е 169.425.603 денари, а на конто 741114 е 1.614.846 денари. Тука по консултација со Министерството за финансии е направена измена, имено износот на конто пренесен вишок на приходи е намален за 149.215 денари, од причина што во планираниот буџет за 2025 година за планиран проект падна тендерската вредност на 5.850.785 денари и ми беше сугерирано во тој износ од 149.215 денари да биде намалена вредноста на контото 741114.

Кај буџетот на самофинансирачките активности имаме зголемување од **849.200** денари,и тоа за пресен вишок кај програма К1 и Н1 за Основното општинско училиште „Ванчо Прке“. Во буџетот на дотации, имаме зголемување на вредноста за 4.913.130 денари, односно за пренесен вишок од претходна година. Зголемувањето по програми изгледа вака: Програма К1 (библиотекарство)=19.837 денари, Програма Н1 (основно образование)=914.773 денари, Програма Н2 (средно образование)=2.998.620 денари и кај програма В1 (детски градинки)=979.900 денари.

Зголемување имаме и кај Буџетот на донации за 4.200.000 денари што се должи на склучениот Договор за проектно партнерство за имплементација на пректот „Интегрирани прекугранични туристички акции на Благоевградско-Делчевскиот регион”, финансиран во рамките на Програмата Interreg VI-A IPA Бугарија-Северна Македонија.

Што се однесува до билансот на расходите, тој изнесува 459.530.260 денари и износите се менуваат како што следува во Предлог -Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2025 година. Во посебниот дел од буџетот се дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми.

По образложението, претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави советникот Кире Тренчевски. Тој постави прашање до образлагачот за предвидените средства во групата Ј80, други комунални услуги, синтетика и аналитика на 425 и за 424 договорни услуги што спаѓа во ова?

Ана одговори дека тука се прдвидени расходи за авионско прскање, за шинтерски услуги. А, во 424 е предвидена дезинфексија, дезинсекција и дератизација. А, за шинтерски услуги е предвидено 590.000 ден.

Иван Гоцевски коментираше дека тоа се многу пари за шинтерски услуги

Ана објасни дека има тендер за шинтерски услуги за заловување и третман на кучиња.

Кире Тренчевски истакна дека сите 590.000 денари се за шинтерски услуги, а во 424 колку се предвидени за дезинсекција, дезинфекција и дератизација.

Ана одговори дека предвидени се 354.000 ден.

Иван Гоцевски рече дека до советниците е пристигнато барање од Основната синдикална организација на вработените во О. Делчево, врз основа на Колективниот договор, за исплата на јубилејните награди, сакам да прашам зошто не се ставени јубилејните награди во Ребалансот, станува збор за над 10 вработени на кои треба да им се исплатат овие награди.

Ана одговори дека се опфатени овие средства и предвидени се 650.000 ден во програма Е0

По ова, Кире Тренчевски побара пауза.

По паузата, претседателот Попов ја продолжи расправата.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека овој Ребаланс на Буџетот, како советник од Левица, не може да го поддржи, бидејќи во Ребалансот се вметнати многу работи кои не можат да бидат таму, не сме против училиштата, не сме против матурантите и сл., значи писмено ќе ги известиме Секторот финансии да го изменат Ребалансот и тогаш ќе биде поддржан од сите нас.

Иван Гоцевски рече дека е на исти став како колегата Тони Стаменковски и дека треба да се поддржи Ребаланс на Буџетот кој ќе ги заштити пред сѐ граѓаните. Пред 1 месец добивме допис од Синдикатот на вработените, треба да се докомплетира Ребалансот кој ќе ги предвиди екскурзиите на матурантите и училиштата да имаа непречена работа и да не се соочат со присилна наплата, но повеќе од јасно е дека со сѐ што е нафрлано во Буџетот, има доста работи кои се странично ставени за да ги задоволат личните суети на поединци и да бидат ставени средства кои ќе задоволуваат лични потреби на поединци и од таа причина ние, како советничка група, во овој момент, не можеме да донесеме јасен став што е правилно и сметам дека треба овој Ребаланс да се допрегледа и доиспегла за да може да биде донесен.

Ана одговори дека за да нема забуна, патувањето на матурантите е предвидено во Ребалансот, јубилејните награди се предвидени во Ребалансот имаме добиено средства од проектот за Прекугранична соработка, парите се ставени во Ребалансот. Треба да ги изгубиме парите, ова се однесува на сите советници.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Точката - **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година гласаа 7 советници ЗА и 8 ВОЗДРЖАНИ.**

**Претседателот констатираше дека точката НЕ Е УСВОЕНА.**

10. Точка број десет- Предлог-**одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**

Ана Ситновска-Димитровска, како образлагач на точката рече дека оваа точка мора да се повлече, бидејќи Измените и дополнувањата на Буџетот не се усвоени.

По повлекувањето на точката, претседателот Попов истакна дека предвидениот Дневен ред за работа на Советот за денешната седница е исцрпен и Седницата ја прогласи за затворена.

Седницата заврши во 12.00 ч

**Записникот го водела**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**